**Известување за концентрација помеѓу Телемах БХ д.о.о. Сараево Босна и Херцеговина и Т-Икс ТВ д.о.о. Тузла, Босна и Херцеговина (предмет бр. 08-135/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 05.10.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување самостојна контрола од страна на друштвото Телемах БХ д.о.о. Сараево (Telemach BH d.o.o. Sarajevo), со регистрирано седиште на улица Џемал Биједиќ бр. 216, Сараево, Босна и Херцеговина, над трговското друштво Т-Икс ТВ д.о.о. Тузла (TX TV d.o.o. Tuzla), со регистрирано седиште на адреса Фочанска бр. 1Н, Тузла, Босна и Херцеговина.

## Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

**Телемах БХ д.о.о** е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс, меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

- Тотал ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, кое се бави со дејности на сателитска телекомуникација, и

- ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое се бави со маркетиншки дејности, односно со откуп и продажба на рекламен простор во печатени и електронски медиуми, и

УГИ ФИБЕР ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. Партизански Одреди бр. 14, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, кое се занимава со дејности на сателитска телекомуникација.

**Т-Икс ТВ д.о.о** претставува телекомуникациски оператор кој е активен исклучиво во Босна и Херцеговина, и тоа на територијата на градовите Тузла, Сребреник, Живинице, Завидовиќ, Маглаја, Зеница, Сараево и Бановиќ, на своите корисници им нуди услуги на фиксна телефонија, широкопојасен пристап до интернет (кабелски и оптички), како и дистрибуција на медиумски содржини.

Т-Икс ТВ д.о.о не е присутен и не остварува приход во Република Северна Македонија.

Подносителот на известувањето смета дека како релевантни пазари, за целите на оценка на концентрацијата, може да се дефинират: ***пазар за фиксна телефонија, пазар за фиксен широкопојасен пристап до интернет*** и ***пазар за дистрибуција на медиумски содржини***, сите на ниво на продажба на мало.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

07.10.2022 година
Скопје